**Одлука бр.30**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Правилата и Прописите за Натпреварување

### Член 1

Во став 2 точка 3 зборовите „На државното првенство за мажи финалето се игра во три добиени сета со примена на „tie break„ во секој сет" се менуваат со зборовите :

"На Државното првенство за мажи и жени сите натпревари се играат во два добиени "tie break" сета. "

Во истата реченица зборовите "кога Дејвис Куп репрезентацијата настапува во 1 или 2 Евро Африканска Група , во спротивно ќе се игра во два добиени сета со примена на "tie break" во секој сет.„ се бришат.

Втората реченица од став 2 точка 3, се менува со следната реченица: „На сите Државни првенства за Јуниори/Јуниорки до 12, 14, 16, 18 години, Мажи и Жени и Ветерани, доколку клубот организатор има услови, ќе се организира и турнир во двојки. Натпреварите ќе се играат согласно препораките од ИТФ, ТЕ и Пропозициите од ТФСМ за даденото Првенство. Минимум потребен број за оддржување на турнирот е 4 пара ".

### Член 2

Се додава став 2 во точка 16.3 со зборовите " како и најдобро бодуваниот турнир во двојки (турнирот во двојки се бодува како турнир од Втора Категорија).

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година